Александар АТАНАСОВСКИ УДК: 94/497.П1/„13“

# ВЕЛБУЖД КАКО ПРЕСТОЛНИНА НА ГОСПОДИН КОНСТАНТИН И НЕГОВИТЕ ВАЗАЛНИ ОДНОСИ СО ОСМАНЛИИТЕ

***Кратка содржина***

*Во претстојниот труд се зборува за Господин Константин, синот на Дејан, самостоен владетел во Североисточна Македонија по 1373 година. Како главни прашања се опфатени: Времето кога Велбужд станал негова престолнина и времето кога станал турски вазал.*

***Клучни зборови:*** *ПРЕСТОЛНИНА, ДРЖАВА, САМОСТОЈНОСТ, ВАЗАЛСТВО, ВЛАСТ, СОЦИЈАЛНА ПОЛОЖБА, ГОСПОДАР.*

Во научната литература за кнежевството на Дејановите наследници има наталожено многу погрешни претстави. Така на пример и до денес постои мислење дека Велбужд (денешен Ќустендил) бил негов политички, административен и стопански центар, поради кое, тоа често се нарекува „Велбуждско кнежевство“[1]. Тоа сваќање се темели на неколку податоци: наоди од подоцнежни османлиски хроничари сврзани со владенијата на Константин Дејанов со Велбужд; во XVI век градот започнал да се нарекува со името на Константин – Ќустендил или Константинова Бања (првиот податок за новото име е од 1559 год.) и Ќустендил станал центар на истоимениот османлиски санџак, кој што ги опфаќал земјите на кнежевството на Константин.

Мора да истакнеме дека сите тие податоци се оддалечени од последната четвртина на XIV век и не наоѓаат поткрепа во современите на епохата извори. За судбината на Велбужд во 60-тите и 70-тите години не се зачувани скоро никакви податоци. Во квечерината на Маричката битка севастократорот Влатко Паскач ја владеел скоро цела Североисточна Македонија и неговите владенија ги одделувале

[1] Иванов Й., Северна Македония исторически издирвания, София 1906, 125; Ангелов Д., Средновековният Велбъжд (VII – XIV в.). – Сб. Кюстендил и Кюстендилско. София 1973. 80; Гюзелев В., Българската средновековна държава, 184.

владенијата на Дејановите наследници во Жеглигово од Велбуждската област[2]. Затоа тешко може да се поверува дека наследниците на Дејан ја зачувале власта над Велбужд во 60-тите години на векот. Исто така тешко може да се прифати и претпоставката дека нивните земји биле составени од две територијални јадра – во Жеглигово и околу Велбужд. Затоа се наложуваат како можни три варијанти за Велбужд: или градот бил во земјите на Влатко Паскач, или во Серското кнежевство[3], или пак таму била воспоставена власта на бугарската држава. Третата претпоставка се темели на податоци од подоцнежните османлиски хроники, но тие извори се сомнителни, дали не ги одразуваат фактите ретроспективно и дали нивната хронологија е точна. Познато е дека во други случаи османлиските хроники даваат погрешни датуми за настаните сврзани со кнежевството на Дејанови, и исклучиво зборуваат само за Константин Драгаш[4].

Дури кон крајот на 70-тите години од грамотите на господин Константин Дејанов станува јасно дека Велбужд бил во пределите на неговото кнежевство. Ако се свртиме кон грамотите на Дејановите синови и наследници од средината на 70-тите години до 1393 година, ќе видиме дека ниту една од нив не била издадена во Велбужд. Поголемиот број од нив биле издадени во Струмица (три), други во Штип, Кочани[5], една во Мелник[6] и една во Приштина[7]. Издавањето на последната грамота се поврзува со учеството на Константин во битката на Косово, но не е сигурно, бидејќи местото и датумот се допишани подоцна[8].

Но, местата каде што се издавани грамотите не мора да бидат и политички центри на државата, за што има повеќе примери во историјата[9]. Сепак честиот престој на Константин во Струмица не бил случаен и е посведочен со издавањето на повеќето грамоти во тој град.

---

[2] Матанов Х., Югозападните български земи през XIV век, София 1986, 126.

[3] Така мисли Р. Михаљчић, Крај српског царства. Београд 1975. Стр. 75.

[4] Иванов Й., Северна Македония, 114-115, 136.

[5] Новаковић С., Законск споменици српских држава средњег века. Књ.V. Београд 1912. стр. 448; Chil. Slav., No. 62; Законски споменици, 445; Chil. Slav., No. 67; Законски споменици, 512; Actes de Saint-Pantheleemon (actes serbs), No. 7; Законски споменици, 453, Chil.Slav., No. 69; Законски споменици, 455, 768; Соловјев А., Одабрани споменици српског права (од XII до XV век). Београд 1926, 169-171.

[6] Laurent, V. Un acte grec..., 184-185.

[7] Законски споменици, 456; Chil. Slav., No. 63.

[8] Михаљчић Р., Крај српског царства, 184; Ђурић И., Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш. – ЗРВИ XXII, Београд 1983, 286 и бел. 36.

[9] Спореди: Матанов Х., Княжеството на Драгаши. София 1997, 127.

За да се разреши прашањето за престолнината на Константин Дејанов, покрај османските извори треба да се разгледаат и другите, пред се народните преданија и сл., кои како престолнина на Константин го посочуваат хисарлак над Ќустендил, по ограноците на Осогово[10]. Нешто слично имаме во едно предание од Кочанско, во кое се вели дека на „Царев врв“ (Султан Тепе) на Осоговските Планини се наоѓала престолнината на Константин[11]. Потоа, како можни престолнини на Константин се посочуваат Жеглигово, Кратово[12] и на планината Плачковица близу с. Блатец[13].

Според досега кажаното, може да се заклучи дека најчесто споменуван град во 70-те години на XIV век како место во кое престојувал Константин е Струмица.Тоа нè наведува на помислата дека, ако Дејанови воопшто имале точно утврдена резиденција таа не била во Велбужд, туку негде на друго место, најверојатно во Струмица[14]. Најверојатно, поради засилената османлиска опасност, што доаѓала од правецот на Сер, Константин ја напуштил Струмица негде во средината на 80-тите години (Османлиите го освоиле Сер во 1383 год.[15]) и се префрлил во Велбужд, кој бил на север од неговата држава, но бил поврзан со наследните имоти на татко си Дејан. Во Ќустендил Константин станал вазал на Османлискиот султан Мурат I, и можеби тоа влијаело градот да биде претставен како негова престолнина. Значи Велбужд станал престолнина на Константин по 1383 година, а причина за тоа биле зачестените Османлиски напади од југ и неговата несигурност во Струмица. Велбужд бил настрана од тогашните Османлиски напади и бил подобро утврден. Нема сомнение во тврдењето дека во Велбужд господин Константин станал вазал на Османлиите, но за времето кога се случило тоа има различни гледишта.

---

10 Иречек К., Пътувания по България. София 1974, 596; Матанов Х., Княжеството на Драгаши. 127 и таму наведената литература.

11 Иванов Й., Северна Македония, 146.

12 Исто, 146; Стојковић Ср., Краљевић Марко. Нови Сад 1922., 86.

13 Иванов Й., Северна Македония, 146.

14 Во прилог на тоа зборува, покрај тоа што таму биле издадени 3 грамоти и едно судско решение, и фактот што на локалитетот кај што се наоѓал средновековниот град Струмица се пронајдени доградби од втората половина на XIV век, кои укажуваат на административен центар. (Овие податоци усно ми ги пренесе археологот Проф. Д-р И. Микулчиќ, за што овде му се заблагодарувам за укажаната соработка.).

15 Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти. Београд 1965., 146; Стојановски А., Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век. Скопје 1981, 12.

Можноста една христијанска држава да биде поставена во вазална зависност од муслиманска држава нашло одраз во светата книга на муслиманите – Куранот. Таму (сура 9. 30) е запишано: „Борете се против оние кои не веруваат во Бога, ниту во Судниот ден, ниту забрануваат она што го забранил Алах и неговиот Пратеник, ниту исповедуваат вистинска вера, на оние на кои им е дадена книга, додека не дадат џизие со своја рака, понижени“[16]. Исламските теолози оформувајќи го исламскиот свет закон (Шеријатот) изработиле принцип според кој жителите на непријателски на муслиманите град треба да се постават пред избор на три алтернативи: да го примат исламот; да примат статус на зависни данокоплаќачи, или , ако се спротиставуваат до крај да бидат третирани како неверници т.е. да бидат уништени или оставени без права[17]. Израз за потчинување требало да биде плаќањето на личен данок (харач). Таа можност била поврзана со друг елемант во идеологијата на „идеалната“ муслиманска држава: стремежот да ги принуди немуслиманите да помагаат за водење на „света војна“. Во секој случај мирот меѓу муслиманската и немуслиманската држава, кој се воспоставувал откако последната го признае својот вазалитет, се сметал за нешто привремено и се спазувал дотогаш додека бил корисен за муслиманското настапување[18] .

Следејќи ги тие начела на исламско – сунитската теорија, подоцнежните османлиски автори разграничувале два вида односи кон „неверниците“. Од една страна, тоа било непрекинатиот воен напад, кој требало да заврши со превземање и ограбување на дадена христијанска област, држава или град (yagma). Од друга страна тие не исклучувале па дури и препорачувале во определени случаи запирање на нападите и влегување во согласност со противникот (mudara). Вториот елемент на завојувачката теорија им давал право на Османлиите да се мешаат во внатрешните работи на христијанските држави, кои биле османлиски вазали, т. е. кои влегувале во рамките на сфаќањето „mudara“[19] .

Во периодот од 1354 до 1371 година преовладувал непрекинатиот напад. Од 70-тите години на XIV век до 1389 година двата методи

---

[16] Kur'an časni, preveli: H. M. Pandza i D. Čauševic, Zagreb 1969, 252, 9. 30; толкување на текстот е дадено во бел. 16 стр. 252.

[17] Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 56.

[18] Исто, 57.

[19] Filipovič N., Princ Musa i šeih Bedredin. Sarajevo 1971, 171 – 172.

на завојување биле органски поврзани: се наложувала вазална зависност на некои балкански христијански држави, а настапувањето продолжувало во правец на оние христијански владенија, кои уште не ја признавале врховната власт на османлискиот владетел. Во периодот 1389-1402 година Османлиите продолжиле да ја наложуваат вазалната зависност на балканските владетели, но тежиштето на завојувачките методи се поместило кон директно завладување и ограничување на вазалите[20] .

Ако еден христијански владетел по силата на различни конкретни причини станал османлиски вазал, тогаш неговите соседи порано или подоцна требало да го сторат истото. Во спротивен случај ризикувале да ја осетат врз себе силата на османлиската атака или да се најдат во неблагопријатна положба кон своите соседи – вазали, на кои османлискиот сизеренитет им осигурувал привремено спокојство и дури можност за територијално проширување[21].

Условите за вазалство со Османлиите биле пренесени и на Константин Дејанов. Тоа прашање заслужува посебно внимание.

По прашањето околу вазлното владеење на Константин Дејанов во науката постојат различни гледишта. Дел од научниците се изјасниле неопределено, како што се: Ј. Хаџи-Васиљевиќ, Ст. Новаковиќ и Р. Михаљчиќ[22] . Една група научници се на мислење дека вазалните односи биле воспоставени 1371 година, меѓу кои се: Ј. Иванов, М. Пурковиќ, Д. Анастасијевиќ, Г. Острогорски и А. Стојановски[23] . Хр. Милев се изјаснил дека вазалните односи биле воспоставени во 1372 година[24] . Х. Матанов и Р. Михнева се на мислење дека тоа се случило 1377/78 година[25]. А. Апостолов е на гледиште дека вазалните односи биле воспоставени во 1379 година[26].

---

[20] Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 57.

[21] Исто, 59.

[22] Хаџи – Васиљевић Ј., Драгаш и Константин, 35; Новаковић С., Срби и Турци, 189; Михаљчић Р., Крај српског царства, 180.

[23] Иванов Й., Северна Македония, 144; Пурковић М., Јужна Србија... , 218; Анастасијевић Д., Једна Византијска царица Српкиња. – Браство XXX, Београд 1938, 27; Острогорски Г., Серска област, 1454-146; Стојановски А., Маричката битка, 17; Истиот, Градовите на Македонија од крајот н XIV до XVII век. 7.

[24] Милев Хр., Карта на Търновското царство, 177.

[25] Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 66.; Во новата публикација Матанов го корегира својот став и мисли дека тоа се случило во 1382 година. Сп. Матанов Х., Княжеството на Драгаши, 136.

[26] Злетовската област (географско – историски осврт), Скопје 1974, 225.

Индиректни податоци за времето на вазалството наоѓаме во една песна „Крал Марко и цар Мурат" каде се вели дека Константин станал вазал пред кралот Марко (... А приџе нам беже Костадино од Кратова града маленога...)[27]. Издавачот на овие песни С. Стојковиќ истакнува дека Марко го наследил кралскиот престол во несредени прилики. Немајќи доволно моќ да се спротивстави на Османлиите, Марко бил принуден како Дејанов и Богдан да влезе во „клетвеничка" зависност од турскиот султан 1385 година[28].

Во врска со вазалството на Константин Дејанов податоци наоѓаме во подоцнежните турски хроники кои што хронолошки не се точни, но може да се искористат како второстепени извори. Така историчарот Сеадедин соопштува дека: „пролетта 773 година по Хиџра (1371 година христијанска) Лала Шахин паша тргнал со многубројна војска да ја заземе Ќустендилската држава и да постави таму турски ред"[29]. Вистина е, вели Сеадедин дека за потчинувањето на ќустендилскиот владетел познат под „името Константин, и за многу други негови државици и градови, како и за тргнувањето на војските во речената земја се издаде висок султански ферман. Потпирајќи се на својата голема сила и верувајќи во својата независност Константин не сакал да се потчини. Но, кога се научил дека големиот завојувач решил да тргне за неговата земја со многу војска за да ја удри и завладее со сила, решил да се покори и потчини"[30]. Понатаму Сеадедин вели дека: „Константин излегол на пречек со соодветни почасти и со одбрани подароци. Потоа, откако ги предал клучевите од тврдините и градовите, ги поднесол и условите на своето вазалство. Кон Константин било погледната доста умерено и учтиво и му било дозволено да се облече во почасни алишта. Тој бил назначен повторно за владетел на

---

27 Стојковић Ср., Краљевић Марко. Нови Сад 1922, 86.

28 Исто, 67.

29 Лапе Љ., Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. I дел, Скопје 1975, 186 – 187; Иванов Й., Северна Македония, 114-115; Матковски Ал., Аручи К., Македонија во турската хроника „Таџут Теварих" од Хоџа Садудин ефенди (1361 – 1520). – Гласник на ИНИ, Година. XXIII, 1979, 2-3, с. 203-233; истите, Македонија и соседните области во хрониката „Беда-и ул векаи" од Коџа Хусеин. – Историја, XV, 2, Скопје 1979, 152-154; Filipović N., Princ Musa..., 199.

30 Лапе Љ., Одбрани споменици, 186-187; Иванов Й.,Северна Македония, 115.

својата земја, под услов да плаќа џизие и харач. За тоа се издал и висок ферман. Потоа султанот се вратил во Бруса“[31].

На прв поглед овие вести изгледаат сосема веродостојни, бидејќи Лала Шахин-паша е историска личност, современик на Константин Дејанов. Но, во самото кажување на Сеадедин постои една нелогичност т.е. се измешани две епизоди за два одделни походи. Првата епизода е за Лала Шахин– паша до средината на кажувањето и, втората, за Мурат I. Што значи дека Сеадедин ги измешал работите, што е нормално, бидејќи своето дело го пишувал три века подоцна. Тешко може да се прифати дека Лала Шахин паша војувал против Константин во 1371 година. Причина за сомневање има во гледиштето на Матанов, кој што смета дека 1371 година Константин не го владел Ќустендил, тоа би значело дека во таа година Лала Шахин паша не можел да војува против Константин во Ќустендилската земја[32]. Втората епизода се однесува на султан Мурат I и Константин. Од неа јасно се гледа дека Константин се поклонил на султанот, и од него бил назначен повторно за владетел на својата земја.

Сето тоа нѐ наведува на заклучок, дека вазалството меѓу Константин и Мурат I било склучено по смртта на Јован Драгаш и Евдокија. Во спротивно би било по логично во пресрет на Мурат I да излезат заедно двајцата браќа со мајка си и заедно да му изразат почасти. Дотолку повеќе што Јован имал титула деспот, а мајка им се нарекувала госпоѓа царица. Ако вазалството било склучено во периодот на заедничкото владеење, за Мурат секако би било поважно да му изрази почит лице со повисоко достоинство, а секако тоа не би го пропуштиле турските историчари да не го одбележат. Заклучокот за тоа е сосема логичен, бидејќи за време на заедничкото владеење во документите редовно на прво место стои постариот брат „деспот Јован Драгаш„[33]. Тоа пак зборува дека за отстапка не може да стане збор.

---

[31] Лапе Љ., Одбрани споменици, 186-187; Иванов Й., Северна Македония, 115; Trako S., Pretkosovski događaji u Heštbihištu Idrisa Bitlisija. - POF XXI (1970 – 71). Sarajevo 1974, 181; Filipovič N., Princ Musa i šeh Bedredin, s. 199, и бел. 220; Матковски Ал., Аручи К., Македонија и соседните области.., 154.

[32] Матанов Х., Югозападните земи, 126.

[33] Новаковић С., Законски споменици, 452, 511, 512, 515.

Според вестите на Сеадедин, а слично велат и Идрис Битлиси и Хусеин, покорувањето на Константин се случило по личното вмешување на Мурат I и анадолските војски, бидејќи силите на Лала Шахин не биле доволни. Мурат I презел два походи во внатрешноста на Балканот и тоа првиот 1377/78 година. Овој поход бил насочен против северните бугарски земји[34], а не против Македонија и затоа ја отфрламе можноста Константин да станал вазал во таа година. Тоа значи дека вазалството треба да се бара после тој настан.

Во прилог на тоа одат и вестите на Лаоник Халкондил, кој известува дека Јован Драгаш по смртта на Жарко (Дејан) бил „најдобриот по ум и по воено искуство, во тоа време, никому не отстапувајќи, си потчинил на себе доста голема земја, и по неговата смрт Константин – неговиот брат, ја задржал (во своја власт) земјата и дошол на дворот на царот (т.е. на турскиот султан, очигледно за признавање на вазалната зависност)“[35].

Фактот што во грамотата на Константин од 15 август 1381 година[36], со која го подарил Лесновскиот манастир на Хиландар, во девоцијата стои „въ христа Бога благовѣрни господинь Костадинь“, а се среќава и на крајот во потписот, според Л. Славева во потписот е важно што на почетокот на потписот е ставено „**вь Христа Бога**“, која што девоција ја употребувале само самостојните владетели, значи дека во 1381 година Константин сеуште бил самостоен господин[37]. Тоа ја стеснува временската граница кога Константин можел да стане вазал – по 15 август 1381 година, до 1386 година кога Мурат I, по вторпат се ангажирал лично на Балканот. Во 1385 година под османлиска власт паднала Софија[38]. По овој настан, Османлиите се обезбедиле со сигурен грб и можеле да се насочат на Запад.

---

[34] Мехмед М., Хроника Идриса Битлиси, 105; Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 66, 69.

[35] Наумов Е. П., Трагите и остатоците од родословот на Дејановиќи. – Историја X/1 Скопје 1974, 211.

[36] Новаковић С., Законски споменици, 453 – 455.

[37] Л. Славева, Хрисовул на Константин Дејанов за манастирот Хиландар од 15 август 1381 (6889) година. Фото снимка во архивата на В. Мошин, расчитана од Л. Славеска, која што ми ја отстапи заоставштината на В. Мошин на користење. Овде уште еднаш им се заблагодарувам на соработката.

[38] Мутафчиев П., – Мутавчиева В., История..., 326; Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто,79. Во постарата литература паѓањето на Софија е датирано во 1382 година.

Вториот поход на Мурат I кон западните предели е регистриран во 1386 година. Најверојатно тогаш и Константин Дејанов станал негов вазал, за што бил награден со доделување на нови територии: Радомир, Дупница, Рила[39]. Од Велбужд Мурат се упатил кон Ниш и го освоил, но потоа во битката кај Плочник во 1387 година бил поразен и се вратил во Бруса да собере војска за да му се одмазди на српскиот кнез Лазар за поразот[40]. Токму оваа епизода е одразена кај Сеадедин кога вели дека потоа султанот се вратил во Бруса.

Годината 1386 ја прифаќаме како година на вазалството на Константин Дејанов со Османлиите и од причина што во таа година Мехмед Нешри бележи учество на христијански вазали во борбите во Мала Азија. „Нека ги приготват своите оружја и неверниците, кои што плаќаат харач. Се подготвиле Константин и Сараџ заедно со своите луѓе"[41]. Неможе да го прифатиме гледиштето за вазалство на Константин пред 1383 година бидејќи како што истакнавме погоре тогаш тој не го владеел Велбужд, посебно не пред 1378 година, кога уште бил жив брат му Јован Драгаш.

Но, иако станал вазал Константин Дејанов сè до 1389 година располагал со голема самостојност, што се потврдува и од одредбите во грамотите што ги издал, за ослободување на подарените имоти од сите давачки. До смртта на Мурат I, Константин му останал верен приврзаник, и во тој период вазалните обврски не биле толку тешки.

---

[39] Иванов Й., Северна Македония, 126.

[40] Иречек К., История на Българите, 391. За битката кај Плочник спореди : Стојановић Љ., Стари српски родослови и летописи, 214-215; Динић М., Жан Фроасар и бој на Плочнику. - ПКЈИФ, 18, Београд 1938, 365-366; Матанов Х., - Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 79.

[41] Мехмед Нешри, Огледало на Света. Превод на Мария Калицин, София 1984, 86, 92. Името на вториот феудалец се среќава во делото на Нешри неколку пати (како Сараџа, Саруџа, Сараџ, Сарич) и се споменува заедно со Константин Дејанов како вазал. Во постарите османлиски регистри од XV век среќаваме тимари на Саруџа во Кукушко и во Солунско. Тоа наведува на претпоставка дека можеби се однесува на некој феудалец од Македонија, како на пр. Богдан. Во литературата го идентификуваат и со Јован Драгаш братот на Константин. Спореди: Матанов Х., Княжеството на Драгаши, 132. Ова последната идентификација не може да се прифати од причина што Сараџ е забележен како учесник во походите на Мурат I во М. Азија 1386 и на Косово Поле 1389 година, а братот на Константин веќе одамна бил мртов. Во идентификацијата на Сараџ треба да се помисли и на бугарскиот владетел Срацимир, кој најверојатно по паѓањето на Софија бил преместен кон јужните делови на Македонија. Спореди и Матанов Х., Кня жеството на Драгаши, 137 и бел. 82.

Промена во вазалните односи настанало по 1389 година кога Бајазит I не се придржувал до политиката на својот татко и со сила го зазел Кратово[42], кој важел за голем економски центар на Константиновата држава.

Вазалните односи додека бил жив Мурат I (1389) не биле толку тешки, бидејќи Константин Дејанов ја зачувал самостојноста во внатрешната политика. Тој и понатаму останал врховен господар на земјата и рудниците во својата држава. Под своја власт имал кнезови, кефалии, севаст и други великодостојници[43]. Константин го задржал правото да подарува имоти, како и да потврдува дарови на своите властелини, како што бил случајот со дарот на војводата Димитар за манастирот Хиландар, потврдена на 20 јини 1389 година[44].

Константин ковал свои монети, но сепак во неговата држава во употреба биле голем број венецијански монети. Тоа се гледа и од податоците во повелбата со која ја потврдил црквата Св. Вознесение во Штип, подарена од војводата Димитар[45].

За внатрешната самостојност Константин му доставувал на Мурат I годишен данок (џизие и харач), а во случај на потреба бил должен да учествува во војна со својата коњица, како и да ја пропушта преку својата држава слободно да поминува османлиската војска[46].

Во 1389 година кога Мурат I одел за Косово, поминал низ државата на Константин. За овој поход турските историчари известуваат дека османлиската војска била убаво примена и пречекана во Ќустендил, каде пристигнала од пловдив и Самоков.

За овој поход и правецот по кој се движела османлиската војска, податоци ни оставил историчарот Нешри[47]. Тој известува дека Мурат тргнал од Пловдив и по три дена пристигнал во Ихтиманско Поле,

---

[42] Стојановски А., Градовите на Македонија, 17; Матковски Ал., Аручи К., Македонија и соседните области..., 238; истите, Извадоци од две турски хроники, 236 (Ашик паша заде); 247 (Рамаданзаде).

[43] Новаковић Ст., Законски споменици, 456.

[44] Исто, 456.

[45] Исто, 766, є҃. и. к҃. перперь венетицѣхь.

[46] Иванов Й., Северна Македония, 133; Атанасовски А., Пијанец во XIII и XIV век. Куманово 1996, 137 – 138.

[47] Нешри М., Огледало на Света, 102 – 103; Елезовић Г., Бој на Косову 1389 год. у историју Мула Мехмеда Нешрије. – Браство XXXI , Београд 1940. За правецот на движењето види: Стојановски А., Во кој правец низ Македонија минувал Муратовиот поход на Косово 1389?, 21-11 и таму посочената литература.

каде се задржал три дена[48]. „Овде патот (за Косово-б.м.) се дели на два правци, едниот води десно преку Софија за Ниш, а другиот лево и води во Илиџа (Ќустендил)“[49]. Мурат повикал неколку „од неверниците на Сараџ“ и ги запрашал: „Вие најдобро ја познавате проодноста на местата. По кој пат е полесно да се оди?“[50]. Сите му одговориле дека најлесен е левиот пат, десниот многу кривулел. Мурат ги послушал советите и се одлучил за вториот, и „тргнувајќи третиот ден отседнал во полето Аладин“[51]. Таму Мурат останал два дена. На третиот ден „дошол со војска и Константин... кој што бил многу верен на Султанот, и станал водач (kulavuz) на војската“[52]. Оттаму султанот Мурат I за неколку дена стигнал во Илица (Ќустендил). Константин знаел дека Султанот ќе наврати во неговата земја и затоа подготвил неброени конаци и безбројно количество храна и продукти. За да ја искаже својата оданост кон Султанот, Константин припремил и многу дарови, а „изобилието со кое медот и маслото се раздавале во војската течеше како река“[53]. На гоштевката станало збор и за понатамошното дејство на двете војски. Ј. Иванов е на мислење дека Константиновата војска бидејќи го познавала теренот, била одредена да извршива разузнавачка служба[54]. Тогаш, според Хаџи Калфа, Султанот му го опростил данокот на Константин [55]. Победен во битката кај Плочник (1387) од Србите, Мурат I сакал да има мирна позадина пред претстојната битка. Само со тоа можеме да си го објасниме тоа што на Константин му бил опростен данокот и тој бил сметан како пријател и сојузник на Султанот. Само со попустлива политика Мурат I можел да го задржи Константин на своја страна. Тоа пак, само по себе зборува за лабилните вазални врски на Константин кон Мурат I[56].

---

[48] Нешри М., Огледало на Света, 102.

[49] Исто, 102; Елезовић Г., Бој на Косово, 14 – 15; Стојановски А., Во кој правец..., 22.

[50] Нешри М., Огледало на Света, 103.

[51] Исто. 103. Полето Аладин не е убицирано. Спореди: Стојановски А., Во кој правец, 22 бел. 3; Панов Б., Одразот на Косовската битка во Македонија. – Историја XXVIII/1-2, Скопје 1992, 47.

[52] Нешри М., Огледало на Света, 103; Елезовић Г., Бој на Косову 1389, 15.

[53] Нешри М., Огледло..., 103; Иванов Й., Северна Македония, 136.

[54] Иванов Й., Северна Македония, 136.

[55] Румелија и Босна. Географски описал Хаджи Калфа, 56; Иванов Й., Северна Македония, 136; Матанов Х., Княажеството на Драгаши, 136.

[56] Иванов Й., Северна Македония, 136; За правецот на Мурат од Ќустендил кон Косово спореди: Хаџи – Васиљевић Ј., Драгаш и Константин, 40 бел. 33; Елезовић Г., Бој на Косову 1389, 16; Стојановски А., Во кој правец..., ГНИ XVI/2, Скопје 1977, 148 – 150; Панов Б., Одразот на Косовската битка во Македонија, 47 – 49, 51.

Дали Константин учествувал во битката на Косово или не, немаме директни податоци. Ј. Иванов е на мислење дека Константин бил назначен за водач на војската на патот од Велбужд кон Косово, но дали учествувал во битката не кажува ништо[57]. Во прилог на тезата за учеството на Константин во битката на Косово се изјаснил и Хамер, кога вли дека „Мурат сметал на верноста на Константин, господар на Ќустендил“[58]. Иван Ѓуриќ смета дека Константин 1389 година лично го прател Мурат во војната против Лазар[59].

Пет дена по Косовската битка, на 20 јуни 1389 година во Приштина, Константин издал повелба со која го потврдил дарот на војводата Димитар на манастирот Хиландар[60]. Доколку датацијата и местото на издавање на оваа повелба се точни, тогаш може да се претпостави дека Константин бил присутен на Косово, кога се водела битката. Нешри за учеството на Константин во оваа битка не кажува ништо и не го посочува во распоредот на османлиската војска[61]. Без разлика на сè, тешко може да се поверува дека Мурат го оставил Константин зад себе, пред сè од безбедносни причини морал да го има пред очи во пресудната битка.

Битката на Косово и поразот на Србите лошо се почувствувал и во државата на Константин. Мурат I не му се мешал во внатрешното уредување на неговата држава. Неговиот наследник Бајазит I (1389 – 1402 год.) му го одзел Кратово (1390 год.)[62], што ќе рече дека при походот кон Косово, Мурат сепак поминал преку Кратово[63]. Бајазит тогаш сигурно го видел богатството и значењето на Кратово и затоа решил да му го одземе на Константин.

Од изнесеното се гледа дека Османлиите ги заостриле условите на своето сизеренство кон Константин. Во 1393 година Бајазит I го зазел Трново[64]. По овој настан тој ги повикал своите вазали во Сер, и таму дошле Мануил Палеолог (1391-1424), деспот Стефан (1389-

57 Иванов Й., Северна Македония, 133.

58 Hammer J., Historija Turskog (Osmanskog) carstva. I. 72.

59 Ђрић И., Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш, 286, бел.36.

60 Новаковћ Ст., Законски споменици, 456. Матанов се сомнева во веродостојноста на оваа грамота, спореди Матанов Х., Княжеството на Драгаши, 127.

61 Нешри М., Огледало..., 108.

62 Hammer J., Historija..., I. 72.

63 Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 81; Стојановски А., Во кој правец, 34, вели дека Мурат не поминал низ Кратово.

64 Иванов Й., Северна Македония, 137; Ников П., Турското завладяване..., 73; Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 86.

1427) и Константин. Надменоста и грубиот однос на Бајазит I кон своите вазали ги натерало овие христијански господари да формираат сојуз за взаемно помагање во одбраната на своите земји и дале клетва да прекинат секакви врски со Бајазит. Овој сојуз бил поткрепен со мажењето на Елена, ќерката на Константин Дејанов, за византискиот император Мануил Палеолог[65].

Политичките услови го натерале Константин во наредните години заедно со кралот Марко и Стефан Лазаревиќ да учествуваат во воените походи на Османлиите. Во еден таков поход против влашкиот војвода Мирче, на полето Ровине кај Крајова, на 17 мај 1395 година загинале кралот Марко и Константин[66].

Смртта на Константин ставила крај на неговата држава.

(Рецензент: *проф. д-р Милан Бошкоски*)

Aleksandar ATANASOVSKI

## VELBUZHD AS A CAPITAL OF LORD CONSTANTINE AND HIS VASSAL RELATIONSHIPS WITH THE OTTOMANS


### Abstract

*There are different opinions about Velbuzhd as a capital of lord Constantinee. It is true that Velbuzhd was a capital of lord Constantine, but the question is when it happened.*

*The principality of Constantine and his brother John Dragash was formed at beginning of the 70es of XIV century. It is not possible to conclude, on the base of the sources, whether the brothers had a common capital or they had resided at different places.The grate number of their gramotas*


[65] Иванов Й., Северна Македония, 137, бел. 2; Стојановски А., Градовите на Македонија, 18; Атанасовски А., Пијанец, 141.

[66] Стојановски А., Градовите на Македонија, 18; Матанов Х. , Югозападните земи, 145; Матанов Х., – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто, 90.

*were issued in Strumica, but there is no even single one which was issued in Velbuzhd. Taking in the mind above mentioned, we cold conclude that if lord Constantine had a capital, it would be Strumica. It is possible that his brother John was residing in Velbuzhd, but it is a fact that Constantine was in Velbuzd when he became ottoman's vassal.*

*According to the available sources it could be conclude that Constantine stayed in Strumica up to 1383, when he was induced to seek more safe place for his capital because of the permanent ottoman's assaults. Such safely place have been Velbuzhd, which was situated on the north of his state, outside from the main directions of ottoman movements. Velbuzhd remained a capital of his state up to the end of his live. Constantine became an ottoman's vassal in Velbuzhd. It has occurred in 1386. At that time the sultan Murad I have engaged in the Balkans. In the same period Constantinee was mentioned in ottoman's chronicles as a Turkish vassal. According to his name Velbuzhd was called Custendil. It comes from the Turkish name for Constantinee's land.*